# THE LEGAL – POLITICAL POSITION OF THE ISLAMIC RELOGIOUS COMMUNITY IN THE KINGDOM OF SCS / JUGOSLAVIA (1918-1935)

**Rejhan Mandak**
Islamic High School Isa Beg Medresa -Skopje, medreseja.isabeu@gmail.com, rejhanm@yahoo.com

**Abstract:** The position and organization of the Islamic religious community of Muslims in the newly formed Kingdom of SCS in different parts of the country were set differently. The Islamic religion in the Kingdom of Serbia during the second half of the 19th century, up to the World War I, had the status of a recognized religion, but not equal to the Orthodox one. Up to the First Balkan War, Islam had the same status in Macedonia. After the Balkan Wars (1912–1913), the Ottoman rule ceased in Macedonia, Kosovo and Sandjak. The new territories were added to the Kingdom of Serbia and Montenegro. In these areas, the Muslim population was significant in numbers, so the question of their religious and civil-legal status was raised. These questions were also entered into the content of the Peace Treaty, signed between the Kingdom of Serbia and the Ottoman State on 14th March, 1914, in Istanbul. The Constantinople Agreement envisioned establishment of an entire religious organization of Muslims in the Kingdom of Serbia. The head of Muslims for the Kingdom of Serbia was the Supreme Mufti seated in Nis, and later in Belgrade, and in each Muslim-populated district there would be a mufti, which had local religious, administrative, educational and judicial power over the Muslim population. One of the characteristic of the Muslims in Vardar Macedonia, as well as in Kosovo and Sandjak, is that the religious and sharia-judicial functions were merged in one person – the mufti. With the Decree on the organization of courts and court proceedings in the incorporated areas in old Serbia, (referring to Macedonia, Kosovo and Sandjak) from 7th June, 1914, the jurisdiction of the mufti also included marital disputes of Muslims, disputes over support, guardianship and its obligations, as well as the emancipation of young people.[124]
**Keywords:** kingdom, constitution, churches, state, law, religious community.

# ПРАВНО-ПОЛИТИЧКАТА ПОЛОЖБАТА НА ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА ВО КРАЛСТВОТО НА СХС/ЈУГОСЛАВИЈА (1918 – 1935)

**Рејхан Мандак**
СИУ Иса Бег Медреса-Скопје, medreseja.isabeu@gmail.com, rejhanm@yahoo.com

**Резиме:** Положбата и организацијата на Исламската верска заедница на муслиманите во новоформираното Кралство на СХС во поедини краеви на земјата биле различно поставени . Исламската вероисповед во Кралството Србија во текот на втората половина на 19 век, па сè до Првата светска војна, имала статус на призната религија, но не и рамноправна со православната. Истиот статус исламот го имал и во Македонија до Првата балканска војна. По Балканските војни (1912 – 1913) година престанала османлиската власт во Македонија, Косово и Санџак. Новите територии се припоени на Кралството Србија и Црна Гора. На овие подрачја муслиманското население било во значителен број, па се поставило прашањетто за нивниот верски и граѓанско-правен статус. Овие прашања влегле и во содржината на мировниот договор, кој бил потпишан меѓу Кралството Србија и Османлиската Држава во Истанбул на 14 март 1914 година. Цариградскиот договор предвидувал воспоставување на целокупна верска организација на муслиманите во Кралството Србија. Поглавар на муслиманите за Кралството Србија бил Врховниот муфтија со седиште во Ниш а подоцна во Белград, а во секој округ каде што живееле муслимани би имало муфтија, кој имал локална верска, управна, просветна и судска власт над муслиманското население. Карактеристично за муслиманите во вардарскиот дел на Македонија, како и за Косово и Санџак, е тоа што била споена верската и шеријатско-судската функција во личноста муфтија. Уредбата за уредување на судовите и судската постапка во присоединетите области во стара Србија, (се однесува за Македонија, Косово и Санџак) од 7 јуни 1914 година во надлежноста на муфтијата поставени се и брачните спорови на муслиманите, споровите околу издржувањето, старателството и обврските околу него како и еманципација на младите.[125]

[124] Српске новине (чл. 52) , бр. 126 од 10 јуни 1914.
[125] Српске новине (чл. 52) , бр. 126 од 10 јуни 1914.

**Клучни зборови:** Кралството, устав, држава, закон, верска заедница.

## 1. ВОВЕД

Најголем број на припадници на исламот во новоформираната држава - Кралството на СХС живееле во Босна и Херцговина. Нивната верска организација во тој дел била уредена на принципот самоуправа, која претходно била регулирана со „Статутот за автономна управа на исламските верски и вакафско-меарифските работи во Босна и Херцеговина". Тој бил познатиот Автономен статут од 15 април 1909 година донесен од австроунгарските власти.[126] Од австроунгарските власти било издејствувано верска и вакафско-меарифска автономија. Според овој Статут исламската религија била рамноправна со останатите признати вери во државата, а Исламската верска заедница уживала широка автономија во управувањето на верските и вакафско-меарифските прашања. Врховните органи на Исламската верска заедница биле улема-меџлис (врховно старешинство) и реис-ул-улема (верски поглавар).Според Санжерменската конвенција од 1919 година муслиманите од Кралството на СХС добиле статус на верски малцинства. По завршувањето на Првата светска војна, уредувањето на Исламската верска заедница било на следниот начин: во Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија во организационата структура имало една верска заедница под врховна управа на реис-ул-улема со седиште во Сараево, а муслиманите од вардарскиот дел на Македонија, Косово, Србија и Црна Гора, друга заедница под управа на Врховен муфтија со седиште во Белград. Исламската верска заедница и разни други муслимански организации уште од 1918 година се залагале за верска автономија и рамноправност со другите верски заедници.[127]

## 2. ПОЛОЖБАТА НА ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА ОД 1918 ДО 1929(правно-политичка)

Кралството на СХС со Санжерменскиот договор презела некои посебни обврски во погледот на своите државјани од исламска вероисповед. Во членот 10 од овој договор се предвидува:
„Државата на Србите, Хрватите и Словенците се обврзува за муслиманите во областа на нивниот фамилијарен и личен статус да донесе одредби со кои ќе се дозволи тие прашања да се регулираат по нивното муслиманско право.Владата на Србите, Хрватите и Словенците ќе презема чекори за именување на реис-ул-улема.Владата на Србите, Хрватите и Словенците се обврзува да даде заштита на џамиите, гробиштата и на другите верски муслимански институции. Ќе се дадат сите потребни олеснувања и дозволи на верските завештанија (вакафите), на верските или доброволни муслимански установи, кои веќе постојат, и Владата на Србите, Хрватите и Словенците за формирање на новите верски и доброволни установи нема да им скрати ниедно олеснување, кои се загарантирани на други приватни установи од тој вид."[128] Санжерменскиот договор е прогласен за привремен Закон на 10 мај 1920 година, а по Видовденскиот устав за постојан закон,[129] и како таков претставувал основен позитивно-правен извор за заштита на малцинствата во Кралството на СХС/Југославија. Меѓутоа, иако била прифатена точката 10 од договорот, белградската влада во практиката не ги имплементирала одредбите од договорот. Првата обврска на владата се однесувала на регулирање на семејните и личните прашања на муслиманите според шеријатските прописи. Член 109 од Видовденскиот устав содржел општа прокламација дека во семејните и наследните прашања кај муслиманите ќе им судат државни шеријатски судии. Меѓутоа, освен во Босна и Херцеговина и дел во Црна Гора, во останатите краеви не постоеле шеријатски судови од порано. Со Закон од 30 јануари 1922 година, за измена и дополнување на Законот за организација на судовите[130], Врховниот муфтија во Белград добил функција врховен шеријатски судија за Србија и Црна Гора. Тој во крајна дистанца ги пресудувал брачните, наследните и верско-имотните спорови на муслиманите во своето подрачје. И по донесувањето на единствениот Закон за шеријатските судови, од 21 март 1929 година,[131] се опструирало со воспоставувањето на шеријатските судови во Србија, вардарскиот дел на Македонија, Косово и Црна Гора. Тоа се гледа и од

[126] М. Имамовић, Исламска Заједница у БиХ и бившој Југославији - Скица за хисторију, „Гласник Ријасета ИЗ", бр. 1-2, Сарајево, 1992, 90-101.
[127] Види повеќе: Б. Петрановић, М. Зечевић, Југословенски федерализам; исеја и стварност: 1914-1943: тематска збирка докумената, Београд, 1987. књ. 1, 203.
[128] „Службене новине" Краљевине СХС, бр. 133а, Београд 19 јуни.1920.
[129] „Службене новине" Краљевине СХС, бр. 224, Београд 9 октомври 1922.
[130] „Службене новине" Краљевине СХС, бр. 37, Београд, 18 февруари 1922.
[131] „Службене новине" Краљевине СХС, бр. 73 , Београд, 28 март 1929.

претставката што Врховното старешинство на Исламската верска заедница ја упатило на Владата во септември 1932 година, каде нагласува дека на подрачјето во Јужна Србија (Косово и вардарскиот дел на Македонија) не постојат шеријатски судови иако е поминат законскиот рок за нивно воспоставување.[132]

Втората обврска се однесувала на именување на реис-ул-улема за целата држава. Тоа значело дека треба да се воспостави еднистввена Исламска верска организација за целата земја. Владата во таа насока не само што не направила ништо туку и правела опструкции во воспоставувањето на единствена Исламска верска заедница за целата држава со еден поглавар.На постоечкиот режим не му било во прилог постоечката автономна организација на Исламската верска заедница која постоела во Босна и Херцеговина, да се прошири на целата држава. На тоа се противел и белградскиот врховен муфтија, на кој својата надлежност власта му ја проширила и на Црна Гора, поради тоа што во 1923 година, власта ја укинала функцијата врховен муфтија на Црна Гора. На Владата во тој период не и одговорало проширувањето на верската самоуправа во јужниот дел на државата (вардарскиот дел на Македонија и Косово). Бидејќи Министерството за вера ја имало вистинската управа над Исламската верска заедница во Србија. Врховниот муфтија, серските и окружните муфтии како и џемаатските имами ги именувал министерот. Тие по наредби и овластувања на министерствата ги воделе верските и судските работи и управувале со вакафскиот имот. Реис-ул-улема за Босна и Херцеговина бил Џемалудин Чаушевиќ, образован исламски теолог и правник, познат и ценет во муслиманскиот свет. Поради тоа, белградската влада го признала Чаушевиќ како поглавар на сите муслимани во Кралството, но не му дозволила да има никакво влијание над верските прашања надвор од Босна и Херцеговина над останатите муслимани. Управата над исламските верски задачи надвор од Босна и Херцеговина ја задржало Министерството за вера, во кое оперативните задачи ги водел Хасан Ребац како началник на муслиманското одделение.[133] Третата обврска се однесувала на формирање на муслимански верски установи, џамии, гробишта и вакафи. Уште во 1921 година реисот Чаушевиќ инсистирал и барал да се вратат исламските згради, кои привремено биле узурпирани и претворени во воени или цивилни уреди, во својата првобитна вакафска функција, и на муслиманските гробишта да им се овозможи иста заштита како на останатите.[134] Врховното старешинство на Исламската верска заедница собрало доста податоци за изрушените и узурпираните џамии и нивно претворување во воени магацини, соколски сали и училишта, истакнување на крстови на истите и други злоупотреби. Од тие извештаи можеме да видиме безброј такви примери особено во вардарскиот дел на Македонија и Косово, а во нив се спомнуват градовите Штип, Кратово, Кочани, Плав, Приштина, Призрен, Ниш и други, каде многу џамии во горенаведените градови се прогласуваат за склони на распаѓање, па се или рушени или узурпирани како магацини. Серскиот началник во Гостивар наредил да се запали џамија каде и тој учествувал во нејзиното опожарување. На многу места во Скопје, Штип, Призрен, и така натаму, властите ги прекопале и ги скврнавеле муслиманските гробишта, давајќи им друга намена. Срушени се и многу вакафски згради, а градежниот матријал се користел за ѕидање на серски начелства. Често бил узурпиран вакафскиот имот и подаруван на српските образовни задужбини и здруженија.[135] Во сферата на правниот режим за вакафскиот имот во Босна и Херцеговина, важел „Статусот за автономна управа на исламско-верските и вакафско-меарифските прашања" од 1909 година. Владата на 12 септември 1919 година донела привремена Уредба за управување со вакафот во Кралството на СХС[136] (освен за БиХ), кој на 28 февруари 1922 година бил променет со Закон за управа со вакафот.[137] Според оваа Уредба, односно со Законот од 1922 година, Министерството за вера е и управна и надзорна власт над органите на Исламската верска заедница. Министерството ги поставувало дури и оние верски службеници кои биле плаќани од вакафската каса. Она што останувало од приходите на одредени вакафи одело во Централниот вакафски фонд при Хипотекарната банка во Белград, а тие средства биле употребувани за верските потреби на муслиманите од Србија и Црна Гора. Овие биле единствените два правни акти за Исламската верска заедница донесени пред воведување на шестојануарската диктатура во 1929 година. Кралската влада од почетокот се сложила да ги третира

[132] „Гласник врховног старешинства" ИВЗ, бр. 1/1934, 50-51.
[133] Повќе види: М. Имамовић, Покушај доношења интерконфесионалног закона у Краљевини СХС. Гласник ријасета ИВЗ у БиХ., бр. 4-6, Сарајево, 1994., 235-249.
[134] Д-р. Радо Кушеј, Верска анкета у Београду и нејни заклучци, Љублана, 1922, 27.
[135] Повеќе види: Гласник Врховног старешинства ИВЗ, бр. 1/1934., 41-62.
[136] „Службене новине" Краљевине СХС, бр. 105, Београд, 05. октомври 1919.
[137] „Службене новине" Краљевине СХС, бр. 288, Београд, 23 декември 1922.

муслиманите како малцинство, а подоцна не се ни трудела да ги имплементира преземените обврски од меѓународниот договор. Исламската заедница во Босна и Херцеговина врз основа на претходните стекнати придобивки имала автономија во чии рамки ги водела своите верски, вакафски и образовни прашања. Спротивно од тоа, Верската организација во Србија, вардарскиот дел на Македонија, Косово, Санџак и Црна Гора претставувала посебен дел од државната управа, делегиран да ги решава брачните и некои имотни прашања на муслиманите. Од обединувањето на државата 1918 година па до воспоставувањето на диктатурата 1929 година, Исламската верска заедница ја задржала положбата и организацијата која во поедини краеви ја имала пред создавањето на Кралството на СХС.

**3.ОДРАЗОТ НА ШЕСТОЈАНУАРСКАТА ДИКТАТУРА ВО ВОСПОСТАВУВАЊЕТО НА ЕДИНСТВОТО ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ИСЛАМСКАТА ВЕРСКА ЗАЕДНИЦА (1929–1935)**

Набрзо по прогласувањето на диктатурата од 6 јануари 1929 година, режимот одлучил по секоја цена муслиманите во земјата да ги придобие кон новата политика. За да ја осигура ваквата состојба режимот одлучил да ја укине делимичната автономија на Исламската верска заедница (која функционирала единствено на територијата на БиХ), и да воспостави единствена верска организација за целата држава под водство и надзор на државата. Бидејќи политичките партии биле распуштени а нивното дејствување забрането, своето влијание над муслиманското население, Владата требала да го изврши преку Исламската верска заедница. Таквата политичка операција требало да ја реализира министерот за правда д-р Милан Сршкиќ во првата влада на генералот Петар Живковиќ, кој од 2 јуни 1932 до 27 јануари 1934 година е и претседател на Владата.[138] Сршкиќевиот план се состоел од следново: прво, да ја реорганизира Исламската верска заедница и да ја стави под контрола на Министерството за правда; второ, во водството на организацијата да внесе режимски и просрпски ориентирани кадри. Главната улога во тоа му била наменета на бањалучкиот муфтија Ибрахим еф. Маглајлиќ како поддржувач на белградската политика.

Првиот дел на планот, реорганизација на Исламската верска заедница и нејзино ставање под контрола на Министерството за правда е реализиран со донесувањето на Законот за Исламската верска заедница на Кралството Југославија од 31 јануари 1930 година.[139] Законот со членот 26 го поништил „Статутот за автономна управа на исламските верски и вакафско-меарифските прашања“ врз кој се засновала автономијата на Исламската верска заедница, а кој бил на сила уште од 15 април 1909 година. Според новиот Закон, сите муслимани во земјата ги претставува една самостојна Исламска верска заедница, раководена од реис-ул-улема како врховен верски поглавар со седиште во Белград. На кралот му е доделена надлежноста со Указ да ги поставува реис-ул-улема, членовите на меџлисите во Скопје и Сараево и деветте муфтии во земјата. Именуваните верски службеници и понатаму имале ингеренции над верските прашања, но надлежностите за вакафско-меарифските прашања биле променети со овој Закон, и овие прашања потпаднале под директна надлежност на Министерството за правда. Со Уредба за привремена организација на власта и организацијата на Исламската верска заедница во Кралството Југославија од 5 февруари 1930 година, министерот за правда станал највисока управна власт со право на надзор на работата на органите на Исламската верска заедница.[140] Пониски органи биле среските вакафско-маривски повереништва, кои постоеле во секоја околија населена со муслимани и Главно вакафско-меарифско повереништво во Сараево. Повереништвата ги сочинувале по еден повереник и одреден број на советници, кои ги именувал министерот за правда. Повереницитe биле подобни кадри за режимот, кои честопати управувале со вакафскиот имот на штета на верската заедница и просветата.Со наведените законски решенија не се согласувал дотогашниот реис-ул-улема Џемалудин еф. Чаушевиќ. Тој доста предано работел на подобрувањето на социјалните, културните и образовните прилики на муслиманите. Честопати доаѓал во судир со конзервативниот дел на улемите. Особено жестоко бил напаѓан по доаѓањето од официјалната посета во Турција, за неговата изјава во белградскиот весник „Политика“ дека и муслиманите во Југославија треба да извршат реформи по примерот на современа Турција. Се залагал за отфрлање на зарот и фереџето и вклучување на муслиманките во јавниот живот. Воедно ја повикал муслиманската интелегенција, да работи на економски и образовен

[138] Фердо Чулиновић, Југославија између два рата, кн.2, Загреб, 1961, 55-60.
[139] „Службене новине“ Краљевине Југославије, бр. 29-X, Београд, 7 фебруари 1930.
[140] „Службене новине“ Краљевине Југославије, бр. 29-X, Београд, 7 фебруари 1930.

напредок на својот народ.[141] Поради овие изјави тој бил нападнат од конзервативните имами, а на нападите се придружиле и бањалучкиот муфтија Ибрахим Маглајлиќ и белградскиот Врховен муфтија Мехмет Зеки.По воведувањето на шестојануарската диктатура Чаушевиќ дал изјава за лојалност кон кралот, а потоа се согласил да се донесе нов закон за Исламската верска заедница за целата земја. Се надевал дека со новиот закон верската самоуправа ќе се прошири на целата територија на државата. Меѓутоа, кога се запознал со Нацрт-законот за ИВЗ, кој ја укинал верско-просветната автономија, Чаушевиќ се одлучил да се спротистави на неговото донесување и усвојување. Во писмото упатено до Сршкиќ од 20 јануари 1930 година, тој барал верските и вакафските органи да се избираат, а не да се именуваат, образложуваќи дека е неприкладно верската улема без избор да ја води и преставува Исламската верска заедница.[142]Истовремено Чаушевиќ изнел барање со некои елементи кои содржеле одвоеност на црквата од државата, односно рамноправност на сите вероисповеди. Меѓу другото, тој напишал: „Освен тоа, како предуслов барам, ако се рефлектира на мојата дејност како реис-ул-улема, поглавар за целата територија на државата, да се воспостави верски мир и да се отстранат вознемирувањата меѓу муслиманите. За таа цел во прв ред потребно е на муслиманите да не им се натураат верски светци и верски церемонии од неисламски карактер, како низ училиштата така и по други места. Во таа насока некои крсни слави да не се прославуват со верски церемонии и верски обележја. Муслиманите не можат спокојно да гледаат на нив и на нивните деца да им се наметнува нешто што нивната вера им забранува, со добра волја тоа може многу лесно да се постигне, и добро би било тоа да се осигура законски."[143] Забелешките кои ги доставил реис-ул-улема Владата не ги зела предвид. Чаушевиќ повторно на 26 јануари 1930 година му пишува на Сршкиќ телеграма дека ќе го замоли кралот да не го одобри Законот, а ако кралот го одбие неговото барање тогаш ги замолува да биде разрешен од должноста.[144] Меѓутоа, кралот на 31 јануари 1930 година го потпишува законот за Исламската верска заедница, заедно со споменатата Уредба со која во управата на вакафот се воведени повереници од Министерството за правда.[145] Поставените вакафски повереници, реисот исто така ги оспорувал и му изјавил на претседателот на владата Петар Живковиќ и на министерот Сршкиќ дека е против внесувањето на политика во нивната верска организација и дека нема потреба да се именуваат повереници на сметка на осиромашениот вакаф. Подоцна со писмо од 21 мај 1930 година Чаушевиќ го известил министерот за правда дека нема да соработува со Главното вакафско поверенство и со луѓето кои му се наметнати. Тој се жалел дека Главното поверенство трошело непотребни средства од вакафскиот имот и дека веќе за толку кратко време упропастиле 80.000 динари.[146] Со кралски Указ од 26 февруари 1930 година Џемалудин еф. Чаушевиќ е поставен за реис-ул-улема на Исламската верска заедница на Кралството Југославија со седиште во Белград.[147] Меѓутоа тој одбил да стапи на должност сѐ додека не се укине Уредбата за привремена организација на власта на ИВЗ од 5 февруари 1930 година. За тоа, на 4 април 1930 година, со писмо го известил министерот за правда, а меѓу другото напишал: „Бидејќи Вие господин министре, не ги уважувате забелешките и предлозите на реис-ул-улема на ИВЗ како нејзин претставник, ми се чини дека Вие сакате да бидете и министер за правда воедно и реис-ул-улема, а покрај Вас реис-ул-улема фигурира само со титула."[148] Министерството за правда му одговорило на реисот Чаушевиќ со акт од 7 април 1930 година, кој не бил потпишан од министерот Сршкиќ, туку од Хасан Ребац началникот на муслиманското одделение при Министерството за правда. Во овој акт, реисот Чаушевиќ се третира како обичен чиновник, при што со закана му се вели: „дека доколку во рок од 15 дена не стапи на должност, ќе изгуби право на пензија, образложувајќи дека според член 102 и 126 од Законот за чиновници, службеникот кој не се појавува на работната задача се смета како службеник кој дал

[141] „Политика", бр. 7048, 10 декември 1927, во иста смисла има дадено изјава и во сараевскиот весник „Вечерна пошта" од 31 декември1927, за ова види повеќе: Фикрет Карчиђ, Друштвено-правни аспекат исламског реформизма, Сарајево, 1990, 215-220.
[142] Рудмир Ротер-Прогонски, Документи о борби Џемалудина Чаушевића, Обзор бр. 69, Загреб, 23 март 1940.
[143] Исто.
[144] Исто.
[145] „Службене новине" Крељевине Југославија, бр.29-X, Београд, 07 февруари.1930.
[146] Документи о борби Џемалудина Чаушевића.
[147] „Службене новине" Крељевине Југославија, бр. 67, Београд, 24 март 1930.
[148] Документи о борби Џемалудина Чаушевића.

оставка“.[149] Режимот му вршел различни притисоци на реисот Чаушевиќ како поглавар на една значајна верска заедница постапувајќи како со обичен службеник. Реисот Чаушевиќ со писмо од 11 април 1930 година побарал пензионирање. Со кралски Указ на 6 јуни 1930 година, по предлог на министерот за правда, реисот Џемалудин Чаушевиќ е пензиониран.[150] На тој начин министерот Сршкиќ го реализирал и вториот дел од планот, отстранувaќи го Чаушевиќ од Исламската верска заедница и вовел прорежимски кадри. Џемалудин еф. Чаушевиќ се борел без никаква поддршка на тогашните муслимански политичари, кои исто како и другите граѓански политичари, изненадени и заплашени со кралската диктатура, се повлекле од политичката сцена, чекајќи епилог од настаните. Починал на 28 март 1938 година во Сараево. За да се именува веднаш нов реис-ул-улема, на 4 јуни 1930 година донесен е Закон за избор на реис-ул-улема, за членови на улема-меџлисите и за муфтии на ИВЗ на Кралството Југославија и за надлежности на верски службеници од таа заедница.[151] Според овој закон реис-ул-улема бил избиран од изборното тело кое се нарекувало изборна курија кое било мешовито верско-државно тело. Од страната на верската заедница, членови на куријата биле:

1. Сите членови на улема-меџлисите од Скопје и Сараево;
2. Сите муфтии во државата;
3. Сите членови од Врховните шеријатски судови во Сараево и Скопје
4. Директорите на: Шеријатската судска школа во Сараево, Шеријатската гимназија во Сараево, Великата медреса на кралот Александар I во Скопје.

Државните претставници на изборната курија ја сочинувале:

1. Шефот на муслиманското одделение при Министерството за правда;
2. Референтот за исламската вероисповед при Министерството за војска и морнарица;
3. Актуелните министри од исламска вероисповед.

Изборната курија избирала тројца кандидати, а еден од нив, на предлог на министерот за правда, кралот со Указ го поставувал за реис-ул-улема. За реис-ул-улема со седиште во Белград, по предлог на министерот Милан Сршкиќ е поставен Ибрахим Маглајлиќ, имајќи предвид дека истиот бил поддржувач на белградскиот режим и бил член на Радикалната партија. Изборната курија се состанала на 11 јуни 1930 година во Белград, а веќе на 12 јуни 1930 година добил кралски указ за именување на реис-ул-улема на Исламската верска заедница на Кралството Југославија . Новиот реис-ул-улема бил свечено устоличен во Бејракли џамијата во Белград на 31 октомври 1930 година, во присуство на кралот Александар, членови на Владата и дипломатски кор.[152] Режимот приредил спектакуларна церемонија при устоличувањето на реисот, што било очигледно дека сакал да ја придобие поддршката од муслиманските маси во државата.

Според тоа, правната положба и организацијата на Исламската верска заедница за време на шестојануарската диктатура, се регулирани со два веќе споменати основни правни акти: Закон за Исламската верска заедница на Кралството Југославија од 31 јануари 1930 година и Закон за избор на реис-ул-улема, за членови на улема-меџлисите и за муфтии на ИВЗ на Кралството Југославија и за надлежности на верски службеници од таа заедница од 4 јуни 1930 година. Со овие закони државата не само што го одредила својот однос кон Исламската верска заедница, туку и ја регулирала и внатрешната структура и организациската хиерархиска поставеност во самата заедница, а со тоа однапред ги донела нормите кои требало да се донесат со Уставот на Исламската верска заедница. Со тоа била укината и оневозможена автономијата и самоуправата на Исламската верска заедница. Уставот на ИВЗ е пишуван и донесен по постапка која не била демократска и без да бидат земени предвид предлозите на органите на ИВЗ, ниту пак, тие биле консултирани како страна која ги засегала нив директно самиот закон. Законот за ИВЗ во член 22 го одредил составот на седницата за нацрт-уставот на ИВЗ. Министерот за правда на 6 мај 1930 година издал правилник за седницата за донесување на Уставот на ИВЗ.[153] На 9 јули 1930 година, кралот на предлог на министерот за правда во Владата го прогласил новиот Устав на ИВЗ.[154] Според овој Устав на ИВЗ, сите органи на ИВЗ се именувани, а не бирани, освен џемаатските меџлиси. Скоро во сите органи на заедницата

---

[149] Исто.
[150] „Службене новине“ Крељевине Југославија, бр. 128 , Београд, 10 јуни 1930.
[151] „Службене новине“ Крељевине Југославија, бр. 125-XLVIII, Београд, 05 јуни 1930.
[152] „Политика“ бр. 8078, Београд , 1ноември 1930.
[153] „Службене новине“ Крељевине Југославија, бр. 120-XXLIV, Београд, 30 мај 1930.
[154] „Службене новине“ Крељевине Југославија, бр. 167-XXLIII, Београд, 25јули 1930.

се воведени претставници на државата. Околиските шеријатски судии по службена должност претседавале и со околиските вакафски поверенства. Врховните шеријатски судии по службена должност влегувале во вакафско-меарифските совети. Останатите членови на новиот највисок вакафски орган ги именувал министерот за правда. Освен тоа министерот за правда ги одобрувал важните одлуки на вакафско-меарифскиот совет. Уставот на Исламската заедница одредил дека ќе постојат девет муфтии со седишта во: Бања Лука, Тузла, Сараево, Мостар, Нови Пазар, Плевље, Призрен, Битола и Скопје. Под ингеренции на скопскиот улема-меџлис биле муфтиствата во: Нови Пазар, Плевље, Призрен, Битола и Скопје. Според исламската традиција, муфтијата е висок верски функционер. Традиционална должност на муфтијата е да издава фетви, односно во различни спорови понуди адекватно толкување на решение засновано на шеријатско право. Меѓутоа, Уставот на ИВЗ на деветтемина именувани муфтии им дал широки овластувања со интенција од муфтија да создаде институција слични на бискуп во епископалните цркви, што било во спротивност со исламската традиција[155]. Во целост, овој устав можел да се смета за ексцесивен акт во дотогашната историја на Исламската верска заедница на бившите југословенски простори, поради тоа што во потполност ги негирал традиционалните облици на организација на исламскиот живот. Со новиот Устав на ИВЗ во поглед на нејзината организација дошло до значајни промени. Паралелно со наметнувањето на новиот Устав на ИВЗ и именување на новиот реис-ул-улема, започнало систематско отстранување на старите кадри од Вакафско-меарифскиот собор и другите вакафски органи, кои генерално биле следбеници на Мехмет Спахо, а на нивно место биле именувани прорежимски муслимани. Но без разлика на споменатите неповолни историски околности по воведувањето на шестојануарската диктатура, Исламската верска заедница во овој период постигнала и одредени резултати, што сведочело за егзистентноста на нејзиното делување и во најтешките околности. Тие постигнувања се забележуваат особено во сферата на реформите во верската настава во основните и средните училишта. Проблематиката на верското образование по извршените промени од 1929 година е дефинирана по пат на два училишни закона. Во Законот за средните училишта донесен на 31 август 1929 година не се прецизирани јасно одредбите за реализирање на верска настава, но од одредени членови можело да се заклучи дека верската настава била задолжителна за признатите верски заедници. Исто така и во Законот за народни училишта од 3 декември 1929 година веронауката е третирана како обврзувачки предмет за сите признати вероисповеди. Во овој период исто така како жива активност на Исламската верска заедница е и тоа дека таа доста интензивно контактира со другите исламски заедници во муслиманскиот свет. За таквиот однос придонела и свеста за можноста за обнова на Хилафетот, прашање кое предизвикало големо внимание кај муслиманската интелектуална јавност во Кралството Југославија. Со цел да се разгледа можноста за обнова на Хилафетот, свикан е и сеисламски конгрес во Ерусалем на 6 и 7 септември 1931 година, на кој се собрале улеми од различни страни на светот. Муѓу учесниците на Конгресот била и делегација на Исламската верска заедница на Кралството Југославија, кои ја сочинувале, Мехмет Спахо, Мујага Мерхемиќ, Салим Муфтиќ и Хасанага Назирхоџиќ. Главната расправа се однесувала на тематиката за општата состојба на муслиманите, со посебен осврт за негативното влијание од запад на состојбата на верската свест.[156] Претставниците на Исламката верска заедница на Кралството Југославија активно земале учество и на Конгресот на европските муслимани кој се одржал од 12 до 15 септември 1935 година во Женева. На споменатиот конгрес биле повикани сите исламски заедници од Европа како и значајни политички личности од Европа. Основна цел на Конгресот била зацврстување на соработката и врските меѓу муслиманите во Европа, развивање на нивната соработка на верско и културно поле, заземање на заеднички ставови во врска со светите места, остварување на правата и интересите на муслиманските заедници во Европа. Во името на делегацијата на Исламската верска заедница на Кралството на Југославија се обратил Мухамет Кантарџиќ со рефератот „Верско-просветните прилики на муслиманите кај нас“.[157]Со укинувањето на шестојануарската диктатура со петомајските избори во 1935 година се менува политичката состојба во земјата, а со тоа и положбата на Исламската верска заедница.

[155] „Устав Исламске верске заједнице Краљевине Југославије“ „Службени лист“ Краљевине Југославије XII, бр. 167- LXIII, Београд, 25. јули 1930. 1588-1590.
[156] Аднан Јахић, Хикјемет реч традиционалне улеме у Босни и Херцеговини. Тузла , 2004, 177,179-184.
[157] Гласник Врховно старешинство Исламске верске заједнице Краљевине Југославије бр. 10-11/1935. Београд, 465-467.

**4. ЗАКЛУЧОК**

Положбата и организацијата на Исламската верска заедница и комплетирањето на законодавството кое се однесувало на неа, мораме да ги посматраме во контекст на тогашните случувања и односите на силите на политичката сцена.Сосема е извесно муслиманите во новата држава, а со тоа и во вардарскиот дел на Македонија, благодарејќи на нивната бројност, претставувале реално политичка сила за која неизбежно било да се смета на неа. Поради ваквата состојба со години се одложувало создавањето на единствена Исламска верска заедница за целата држава, а кога таа била создадена била ставена под целосна контрола на државата. Една од целите на промените извршени од 6 јануари 1929 година било, со помош на Исламската верска организација, да се добие поддршка на муслиманското население за остварување на државното и националното единство. Усвоеното законодавство за Исламската верска заедница овозможило во прва фаза во највисоките органи и тела на ИВЗ да се вклучат поединци подготвени во ангажирањето на остварување на државните политички цели, а во другата фаза приоритет добиле активностите кои упатувале на ослободување од воспоставената државна контрола.

**ЛИТЕРАТУРА**

Аднан Јахић, Хикјемет реч традиционалне улеме у Босни и Херцеговини. Тузла , 2004.
Begović Mehmed, Turkiye Diyanet Vakfi Islam Ansiklopedisi, vol.5, Istanbul 1992
Б. Петрановић, М. Зечевић, Југословенски федерализам; исеја и стварност: 1914-1943: тематска збирка докумената, Београд, 1987. књ. 1.
Гласник Врховно старешинство Исламске верске заједнице Краљевине Југославије бр. 10-11/1935. Београд, 465-467.
Durmišević Enes, Šerijatsko pravo i nauka šerijatskog prava u BiH u prvoj polovini XX stoleća, Sarajevo, 2008.
Imamović prof. dr. Mustafa, Historija Drzave i Prava BiH, Sarajevo, 1999.
Karčić Dr. Fikret i Karić Enes, Šerijatsko pravo u savremenim drustvama, Sarajevo, 1998. .
Glasnik Rijaseta Islamske zajednice u BiH/u daljem tekstu: Glasnik/, Sarajevo, no. 5-6/1982, pp.473-481
М. Имамовић, Исламска Заједница у БиХ и бившој Југославији - Скица за хисторију, „Гласник Ријасета ИЗ“, бр. 1-2, Сарајево, 1992.
S. K. Goyal, An integrated inventory model for a single supplier-single customer problem, International Journal of Production Research, vol.15, pp. 107-111, 1977.
Purivatra Dr. Atif, Jugoslovenska muslimanska organizacija u politickom zivotu Kraljevine SHS, Sarajevo, 1977.